Општина Охрид
Република Македонија

**Бр. 09-4224/1**
**Охрид, 18.03.2019г.**

**Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) општина Охрид распишува:**

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови

**Јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), се распишува во првиот квартал на 2019 год.**

**Јавниот повик ќе трае од 26.03.2019 год. до 26.04.2019 год. односно 32 (триесет и два) ден.**

**Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од овој закон и тоа: детален урбанистички план (ДУП), урбанистички план за село (УП за село) и урбанистички план вон населено место (УПВНМ).**

**Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов или изменување и дополнување на постоечки: ДУП, УП за село и УПВНМ. Иницијативите можат да бидат доставени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општина Охрид во определениот рок.**

**За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Иницијативите кои ќе бидат доставени по истекување на рокот за достава, ќе се разгледуваат по распишување на следниот Јавен повик.**

**Подносителите на прифатените иницијативи, правни или физички лица, во целост ќе ги сносат сите трошоци за изготвување на урбанистичките планови.**

**Јавниот повик ќе биде објавен во Службен Гласник на општина Охрид, на веб страната на општина Охрид – www.ohrid.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и во дневен весник "Нова Македонија".**

**в.д. Градоначалник**
**на општина Охрид**
**Константин Георгиески**

Република Македонија Градоначалник на општина 2 Охрид